Република Северна Македонија
Совет на Општина Велес
Број 25-1280/1
19.02.2025 година
Велес

Врз основа на член 39, став 2 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 202/24) и член 18, став 3 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/06, 03/09, 18/10, 15/14, 15/18, 06/19 и 08/21), донесувам

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на 61- вата седница на**
**Советот на Општина Велес**

Седницата ќе се одржи на ден 26.02.2025 година (среда) во просториите на Општина Велес со почеток во 09:30 часот.

-Усвојување на Записник од 60-тата седница на Советот на Општина Велес;

За седницата го предлагам следниот

Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Квартален извештај за извештајниот период (кумулативно) за квартал од 01.01.2024г. до 31.12.2024г;
2. Предлог – одлука за измена на распоредот на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
3. Предлог – одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Велес за 2025 година;
4. Предлог – одлука за отпис и расходување на основни средства, опрема и ситен инвентар, сопственост на Општина Велес;
5. Извештај (квартален и кумулативен) за финансиското работење на ЗЈП Стационар Шепа – Кавадарци за период од 01.07.2024 до 31.12.2024 год;
6. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен инвертер клима уред за 2025 година;
7. Предлог- одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен велосипед за 2025 година;
8. Предлог - одлука за определување на максимален износ за доделување на поединечна субвенција на физичко лице за купен сончев термален колектор за 2025 година;
9. Предлог – решение за давање согласност на Измена на годишен план за вработување на Општина Велес за 2025 година;
10. Предлог – одлука за изменување на Одлуката за давање на времено користење на просторија од објект сопственост на Општина Велес;
11. Предлог - одлука за утврдување начин на давање во закуп објект, сопственост на Општина Велес по пат на електронско јавно наддавање (Градски базен);
12. Предлог – одлука за утврдување начин на давање во закуп деловни простории од објект „Градски пазар" Велес;
13. Предлог - одлука за давање на трајно користење деловни простории од објект „Градски пазар" Велес на ЈКП ,,Дервен" Велес;
14. Предлог - План за работа на ЈКП „Дервен" Велес во 2025 година;
15. Предлог – решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените во ЈКП „Дервен" Велес кои имаат статус на административни службеници;
16. Предлог – решение за давање согласност на Одлуката за утврдување на висината на вредноста на бодот за пресметување на бруто платата на вработените во ЈКП „Дервен" Велес кои имаат статус на даватели на јавна услуга и помошно технички лица;
17. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за реконструкција и подигање на нови зелени површини на територијата на Општина Велес за 2024 година;

18. Годишен извештај за реализација на Оперативната програма за одржување на јавното зеленило на територијата на Општина Велес за 2024 година;
19. Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавната чистота на територијата на Општина Велес за 2024 година;
20. Извештај за работата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Велес за 2024 година;
21. Предлог – годишна програма на „Младински центар“ Велес за 2025 година;
22. Предлог – програма за работа со финансиски план за 2025 година на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес;
23. Предлог – решение за давање согласност на Годишен план за вработување на ЈП „Парк – Спорт и Паркинзи“ Велес за 2025 година;
24. Предлог – решение за престанок на мандат на членови во Комисијата за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“;
25. Предлог – решение за именување на членови на Комисијата за избор на добитник на Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2025 година;

Претседател
на Советот на Општина Велес
Даниел Јаневски с.р.

Република Северна Македонија
Совет на Општината
Општина Велес